Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. _____

Охрид, _____20____ год.

Врз основа на член 172 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 154/2019, 178/2021 и 58/2024 и 124/25), член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 3/2006, 44/2006, 65/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/2010, 50/2010, 52/2010, 58/2010, 124/2010, 132/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 106/2014, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 134/2016, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021, 111/2023, 39/2025, 74/2025 и 124/2025), член 23 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии, Свети Апостол Павле” Охрид, Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле “Охрид, распишува

ЈАВЕН КОНКУРС
за избор на 1 (еден) наставник во сите наставно-научни звања и 1 (еден) стручен соработник - лаборант

ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛГОГИИ, МАШИНСКА ИНТЕЛГИЕНЦИЈА И РОБОТИКА

1. Избор на наставник во сите наставно – научни звања од научна област компјутерски технологии и инженерство **(**2.02.00.14**)** од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација - 1 (еден) извршител, за време определено со Закон за високото образование

2. Избор на едно лице во соработничко звање Стручен соработник – Лаборант (Категорија Г – друг соработнички кадар во високото образование, Ниво – Г3) од научна област 2.02.00.14 Компјутерски технологии и инженерство 1 (еден) извршител, за време од 3 (три) години, согласно Законот за високото образование

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР:

Покрај условите за вработување пропишани со Законот за работните односи, кандидатите за избор во наставно-научни звања (Позиција 1) треба да ги исполнуваат општите услови за избор во наставно-научно звање пропишани со член 166 од Законот за високото образование. Кандидатите за позиција 1 треба да ги исполнуваат и посебните услови за избор во наставно-научно звање пропишани со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот и Анексот кон овој правилник.

Покрај условите за вработување пропишани со Законот за работните односи, кандидатите за избор во соработничко звање Стручен соработник - Лаборант (Позиција бр. 2) треба да ги исполнуваат условите пропишани со член 19 - а од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручи, соработнички звања и демонстратори, и тоа:

- да има завршено прв циклус академски студии со најмалку 240 ЕКТС кредити од соодветната област;
- да има познавање на најмалку еден странски јазик и
- да има искуство во струката од најмалку три години.

Познавањето на англискиот јазик, и за двете позиции, се докажува доколку кандидатот исполнува најмалку еден од следниве услови:
1. поседува сертификат за познавање англиски јазик од најмалку ниво B2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа, или со соодветен сертификат за истото ниво издаден од официјален европски тестатор, член на здружението АЛТЕ на евроспки тестатори,
2. има комплетирано високо образование од прв и/или втор циклус на студии на англиски јазик,
3. изведувал настава на англиски јазик во времетраење од најмалку една академска година.

Кандидатите за избор се должни да ги достават следните документи:

- Пријава за учество на конкурсот (со таксативно наведени документи кои ги доставуваат);
- Кратка биографија (на англиски и македонски јазик);
- Мотивационо писмо (на англиски јазик);
- Кандидатите за позиција 1: Диплома за завршен прв, втор и трет циклус студии, во оригинал или копија заверена на нотар (Високообразовната квалификација стекната во странство треба да е призната во соодветна постапка со еквиваленција на оценките). Кандидатите за позиција 2: потребно е да достават диплома за завршен прв и втор циклус студии, во оригинал или копија заверена на нотар (Високообразовната квалификација стекната во странство треба да е призната во соодветна постапка со еквиваленција на оценките;
- Уверение од прв и втор циклус студии, како доказ за постигнатиот просечен успех на студиите од прв и втор циклус;
- Доказ за исполнување на условот за познавање на англиски јазик, согласно критериумите во конкурсот;
- Потврда за работно искуство во наставно-научна дејност и примена на научно-истражувачки резултати;
- Список на научни и стручни трудови објавени во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор (по еден примерок од трудовите во копија);
- Доказ за учество во проект/и (доколку има);
- Доказ за објавен рецензиран учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира (по еден примерок, доколку има);
- Доказ за претходни избори во звања (доколку има);
- Уверение за државјанство, не постаро од 6 месеци, во оригинал или копија заверена на нотар.
- Лекарско уверение– како доказ за општа здравствена состојба;
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

Јавниот конкурс трае 5 (пет) дена од денот на објавувањето.
Изборот ќе се изврши во рокот предвиден со член 172 од Законот за високо образование (до шест месеца од објавувањето на јавниот конкурс).
Паричниот износ на основна плата во нето износ на лицата избрани во научни звања зависи од звањето во кое истите се избрани (Доцент- 90.921,00 денари/Вонреден професор- 100.904,00 денари/Редовен професор- 110.885,оо денари, стручен соработник – лаборант 41. 017, 00 денари).
Работното време е утврдено согласно со академскиот календар, распоредот на часови и Правилникот за работен ред и дисциплина.
Потребните документи кандидатите ги доставуваат по пошта на адреса ул. Партизанска, бб, 6000, Охрид или лично директно во архивата на Универзитетот.
Некомплетните и ненавремено доставени документи нема да бидат земени предвид во постапката за одлучување.

Информации за работодавачот:

Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид
Седиште: ул. Партизанска бб, Дом на АРМ, 6000 Охрид
Контакт емаил: contact@uist.edu.mk